Република Северна Македонија
НАРОДЕН ПРАВОБРАНИТЕЛ
Republika e Maqedonisë së Veriut
AVOKATI I POPULLIT
Republic of North Macedonia
OMBUDSMAN

На **14.09.2018** година, Националниот превентивен механизам спроведе редовна ненајавена посета на Полициската станица за гранични проверки и граничен надзор (ПС за ГП и ГН) Пелинце.

Посетата е извршена согласно мандатот на Народниот правобранител - Национален превентивен механизам утврден во Факултативниот протокол кон Конвенцијата против тортура и друго сурово, нехумано или понижувачко постапување или казнување, со цел утврдување на реалната, односно објективната состојба и условите во оваа Полициска станица, во насока на идентификување на ризици заради спречување на тортура или друг вид на сурово, нечовечко или понижувачко постапување или казнување.

Посетата на ПС за ГП и ГН Пелинце започна со разговор со командирот на Полициската станица, на кој му беше презентиран мандатот и надлежностите на Националниот превентивен механизам, се изврши увид во службените и помошни простории, увид во поединечни досиеја на приведени, лишени од слобода и задржани лица, како и во регистрите кои се водат во полициската станица (регистар за дневни настани, за повикани лица, приведени и задржани лица).

Тимот на Националниот превентивен механизам изразува загриженост поради тоа што немаше можност да изврши увид во Регистарот за употребени средства за присилба и Регистарот за поплаки против полициски службеници од Полициската станица, од причина што клучот од шкафчињата каде што се чуваат овие регистри бил кај администраторот, кој во моментот на посетата не беше достапен за контакт.

При посетата, од страна на НПМ тимот не беа забележани предмети во службените простории на Полициската станица, кои би можеле да се користат за насилство или заплашување.

НПМ тимот утврди дека во ПС за ГП и ГН Пелинце се спроведуваат обуки за полициските службеници на најразлични тематски содржини, во кои се опфатени и Стандардните оперативни процедури за постапување со ранливи категории на лица – странци.

Полициската станица за ГП и ГН Пелинце не е определена како полициска станица во којашто би можело да се врши задржување на лица, поради што истата и не располага со посебни простории за задржување. Во случаите кога има потреба од задржување, во зависност од причината за тоа, лицата се спроведуваат до СВР Куманово или се предаваат на службеници од Шумската полиција.

Во Полициската станица нема простории за претрес, за баратели на азил, ниту пак, има посебни простории за разговор и распит со приведени, односно лица лишени од слобода или задржани лица. Разговорите со лицата коишто има потреба да се задржат, се вршат во службената канцеларија што се наоѓа на самиот граничен премин или пак, во канцеларијата на командирот на Полициската станица.

Во службената канцеларија на граничниот премин, покрај Кодексот на полициска етика, на видно место беа истакнати поуките за правата на повиканите, приведените или задржаните лица на три јазици, но забелешка е тоа што овие поуки не беа истакнати во канцеларијата на командирот, туку беа истакнати во ходникот во Полициската станица.

НПМ тимот утврди дека во оваа Полициска станица во Регистрите за евиденција, има недостатоци во пополнувањето на дел од рубриките и се користи коректурен лак.

За посетата, Националниот превентивен механизам изготви Посебен извештај во кој ги констатира позитивните и негативните состојби и даде конкретни препораки до Министерството за внатрешни работи, како и до командирот на полициската станица, со цел да се елиминираат укажаните недостатоци и да се подобрат условите и постапувањето со лицата лишени од слобода, приведените и задржаните лица.